РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на „Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица“, по скратена постапка

_______________________________
м-р Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

Скопје, март 2011 година

Подготвил: Драгана Гошевска / Ленче Божиноска
Согласен:м-р Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии

Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на „Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица“, по скратена постапка

Скопје, март 2011 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. _________
____________ Скопје

До Претседателот на Собранието на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија ви поднесува Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на „Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица“, по скратена постапка што го утврди на седница ______________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник е определена Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Првата фаза од „Проектот за подобрување на искористувањето на водата во басенот на реката Злетовица“ се финансира со заем од Јапонската агенција за меѓународна соработка (ЈICA) во износ од 9.689.000.000 јени, согласно Договор за заем склучен на 20.11.2003 година. Законот за задолжување за овој проект е донесен на 31.10.2003 година и објавен во Сл. Весник на Република Македонија“ бр.72/03 и бр.103/08. Се очекува изградбата на браната вклучително со сите придружни објекти да заврши во првата половина на 2011 година.

Главна цел на проектот „Злетовица“ е обезбедување вода за пиење за околу 100.000 жители, кои живеат во 6 општини во источниот дел на Република Македонија: Карбинци, Кратово, Лозово, Пробиштип, Свети Николе и Штип.

Согласно Договорот за заем потпишан помеѓу ЈICA и Владата на Република Македонија, со првата фаза се предвидува зафаќање на водите од сливот на реката Злетовица и дистрибуирање на непреработена вода до сите 6 општини. Обврска на општините е да се пречисти непреработената вода и да се дистрибуира до граѓаните.

Со цел завршување на сите потребни активности околу изградбата на ХС Злетовица, датумот на завршување на проектот е продолжен за период од две години односно до 26.01.2013 година.

По завршување на сите предвидени активности согласно Договорот за заем за првата фаза за проектот Злетовица, 3.354.237 евра од заемот од ЈICA ќе останат неискористени. Овој износ на средства може да биде пренаменет за реализација на дополнителни активности кои се неопходни за функционирање и одржување на ХС Злетовица, како и за изградба/реконструкција на постројките за пречистување на вода за пиење (ППВ) за три општини Карбинци, Штип и Пробиштип. Општина Лозово до моментот нема затворена финансиската конструкција за изградба на ППВ, затоа не е вклучена во проектот заедно со горенаведените три општини.

Општините Свети Николе и Кратово_ имаат ППВ и истите се поврзани со ХС Злетовица, со што се исполнети од условите за користење на суровата вода од ХС односно кон ХС Злетовица се приклучени 27,3%или 26.565 граѓани од овој регион.

Со изградбата/рекострукцијата на ППВ во општините Штип, Карбинци и Пробиштип ќе се овозможи кон ХС Злетовица да бидат приклучени вкупно 97,1% или 94.570 граѓани (заедно со општините Свети Николе и Кратово). На овој начин ЈП ХС Злетовица ќе може да остварува приходи од продажба на водата кои ќе помогнат во обезбедување на средства за функционирање и одржување на системот како и за отплатата на кредитот од ЈICA наменет за реализацијата на првата фаза од проектот Злетовица.

Советите на општините кои се дел од ХС Злетовица имаат донесено Одлуки за начинот на обезбедување на средства за изградба/рехабилитација на ППВ, вклучително и задолжување од преостанатите неискористени средства од заемот од ЈICA за проектот

„Злетовица“.

Согласно Законот за задолжување, донесен 2003 година, општините не се предвидени како крајни корисници на средствата од заемот од ЈСА. За да можат општините да ги користат овие средства потребно е да се измени Законот за задолжување. На тој начин ќе се овозможи општините да склучат Договори за под-заем со Министерството за финансии. Треба да се има предвид дека општините може да бидат корисници на заем само доколку ги исполнуваат условите за задолжување согласно Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Склучувањето на Договорите за под-заем со општините ќе може да се изврши по донесување на измената на Законот за задолжување. Затоа, се пристапи кон промена на крајниот корисник на заемот од ЈСА, каде што покрај ЈП Злетовица, се додаваат и општините кои се дел од ХС Злетовица.
Со промената на крајните корисници, отплатата на заемот нема да се врши само од приходите што ќе ги остварува Јавното претпријатие „Злетовица“, туку и од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на препозајмените средства од општините кои се дел од ХС Злетовица (Штип, Пробиштип и Карбинци).

Имајќи го предвид горенаведеното, треба да се измени и дополни постојниот Законот за задолжување за овој проект (Сл. Весник бр.72/03 и бр.103/08 ) во следната насока:

-**Член 3**, став 2наместо:

„Во грејс периодот од седум години, што претставува и период на реализација на проектот, каматата ќе се капитализира.“

треба да гласи:

„Во периодот од девет години, што претставува и период на реализација на проектот, каматата ќе се капитализира.“

- **Член 5**, кој наместо:

“Краен корисник на заемот за проектот е Јавното претпријатие „Злетовица“.“

треба да гласи:

“Крајни корисници на средствата од заемот од член 1 на овој закон се Јавното претпријатие „Злетовица“ и општините кои се дел од ХС Злетовица, кои ги исполнуваат условите за задолжување согласно Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и крајните корисници на средствата од заемот, ќе склучат посебни договори за заем“.

- **Член 6**, кој наместо:

„Заемот ќе се отплаќа од приходите што ќе ги остварува Јавното претпријатие „Злетовица“. Недостигот на средства за сервисирање на обврските, над приходите што ќе

ги остварува Јавното претпријатие „Злетовица“, ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија.“

треба да гласи:

„Република Македонија заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат од корисниците на средствата од заемот, од член 5 на овој закон. “

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Донесувањето на овој закон нема да предизвика дополнителни финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Предложената измена на Законот не создава потреба од дополнителни финансиски средства.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЈАПОНСКАТА БАНКА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА „ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ВОДАТА ВО БАСЕНОТ НА РЕКАТА ЗЛЕТОВИЦА“

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на „Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица“, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на „Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица“

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на „Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица“ („Службен Весник на Република Македонија“ бр.72/03 и бр.103/08), во членот 3 став 2 зборовите: „Во грејс периодот од седум години“ се заменуваат со зборовите: „Во периодот од девет години “.

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

“Крајни корисници на средствата од заемот од член 1 на овој закон се Јавното претпријатие „Злетовица“ и општините кои се дел од ХС Злетовица, кои ги исполнуваат условите за задолжување согласно Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и крајните корисници на средствата од заемот, ќе склучат посебни договори за заем“.

Член 3

Членот 6 се менува и гласи:

„Република Македонија заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат од корисниците на средствата од заемот, од член 5 на овој закон. “

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Овој закон има за цел создавање на законски услови за склучување на Договорите за под-заем помеѓу Министерство за финансии и општините кои се дел од ХС Злетовица за „Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица".

Законот за задолжување за овој проект е донесен на 31.10.2003 година и истиот е објавен во Сл. Весник на Република Македонија" бр.72/03 и бр.103/08 .

Согласно Договорот за заем потпишан помеѓу ЈICA и Владата на Република Македонија, со првата фаза се предвидува зафаќање на водите од сливот на реката Злетовица и дистрибуирање на непреработена вода до сите 6 општини. Обврска на општините е да се пречисти непреработената вода и да се дистрибуира до граѓаните.

За да може да се пристапи кон склучување на Договорите за под-заем помеѓу Министерство за финансии и општините, треба да се измени Законот за задолжување во насока на промена на следните членови:

Член 3

Со цел завршување на сите потребни активности околу изградбата на ХС Злетовица и овозможување реализација на дополнителни активности со неискористените средства, датумот на завршување на проектот е продолжен за период од две години односно до 26.01.2013 година.

Затоа во член 3 се менува последната реченица и наместо: "Во грејс периодот од седум години, што претставува и период на реализација на проектот, каматата ќе се капитализира.", треба да гласи: "Во периодот од девет години, што претставува и период на реализација на проектот, каматата ќе се капитализира."

Член 5

По завршување на сите предвидени активности согласно Договорот за заем за првата фаза за проектот Злетовица, предвидено е дека 3.354.237 евра од заемот од ЈICA ќе останат неискористени, со што се отвараат можности за обезбедување на средства за изградбата/реконструкцијата на постројките за пречистување на вода за пиење (ППВ) од страна на општините.

Имајќи го во предвид горенаведеното, корисник на заемот освен ЈП Злетовица може да биде и некоја општина од општините кои се дел од ХС Злетовица и која ќе ги исполни условите за задолжување согласно Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Затоа член 5 се менува во насока на тоа дека крајни корисници на средствата од заемот се ЈП „Злетовица" и општините кои се дел од ХС Злетовица. Општините може да бидат

корисници на заемот доколку кои ги исполнуваат условите за задолжување согласно Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и крајните корисници на средствата од заемот, ќе склучат посебни договори за заем.

Член 6

Поради промена на крајниот корисник на заемот од ЈICA се менува и начинот на отплата на заемот. Отплатата на заемот ќе се врши од средствата кои ќе се прибираат од корисниците на средствата од заемот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби се направени поради продолжување на крајниот рок на завршување на проектот и промена на крајните корисници на заемот како и начинот на отплата на заемот.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Општините Свети Николе и Кратово_ имаат ППВ и истите се поврзани со ХС Злетовица, со што се исполнети од условите за користење на суровата вода од ХС односно кон ХС Злетовица се приклучени 27,3% или 26.565 граѓани од овој регион.

Со изградбата/реконструкцијата на ППВ во општините Штип, Карбинци и Пробиштип ќе се овозможи кон ХС Злетовица да бидат приклучени вкупно 97,1% или 94.570 граѓани (заедно со општините Свети Николе и Кратово). На овој начин ЈП ХС Злетовица ќе може да остварува приходи од продажба на водата кои ќе помогнат во обезбедување на средства за функционирање и одржување на системот како и за отплатата на кредитот од ЈICA наменет за реализацијата на првата фаза од проектот Злетовица.

По завршување на сите предвидени активности согласно Договорот за заем за првата фаза за проектот Злетовица, предвидено е дека 3.354.237 евра од заемот од ЈICA ќе останат неискористени, со што се отвараат можности за обезбедување на средства за изградбата/реконструкцијата на постројките за ППВ од страна на овие општини.

За да може да се склучат на Договорите за под-заем помеѓу Министерство за финансии и општините Штип, Пробиштип и Карбинци, за користење на преостанатите средства од заемот од ЈICA, треба да се измени постојниот Закон за задолжување за проектот Злетовица.

Извод од одредбите на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на „Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица" кои се менуваат

Член 3

„Рокот за отплата на заемот од членот 1 на овој закон е 25 години, со вклучен грејс период од седум години и каматна стапка од 1,5 %годишно.

Заемот ќе се отплаќа на 37 полугодишни ануитети, почнувајќи од ноември 2011 година. Во грејс периодот од седум години, што претставува и период на реализација на проектот, каматата ќе се капитализира."

Член 5

"Краен корисник на заемот за проектот е Јавното претпријатие „Злетовица"."

Член 6

„Заемот ќе се отплаќа од приходите што ќе ги остварува Јавното претпријатие „Злетовица". Недостигот на средства за сервисирање на обврските, над приходите што ќе ги остварува Јавното претпријатие „Злетовица", ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија."

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| Αρτιχλε 1Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица | 2. Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финансии |
| 3. Цел на предлогот:<br>Склучување на Договори за под-заем со општините кои се дел од ХС Злетовица. | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица, по скратена постапка |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Сузана Пенева, државен советник | 6. Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел : : 3106-454<br><br>suzana .stoimceva @finance.gov.mk |

7. Активност

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( )Регулатива во врска со ЕУ | (**X**)Нова програма | ( )Прераспределба (на средствата) меѓу две програми |
| | ( )Друга нова регулатива | ( )Зголемување/намалување на постоечка програма | ( )Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/ предложената активност: За да може да се пристапи кон склучување на Договорите за под-заем помеѓу Министерство за финансии и општините кои се дел од ХС Злетовица за „Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица“ треба да се измени Законот за задолжување за истоимениот проект.

10. Врска со владината програма:

| 11. Фискални импликации | (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ.Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11 А и 11 Г) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18.Измени побарани од Министерство за финансии: | | | | |
| 19. Одговор на Министерството - предлага: | | | | |
| 20. Одговор од Министерство за финансии: | | | | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | | | | |
| 22.Одобрен/ дата:<br>______________________<br>Потпис на државен секретар или директор на орган | /2011<br>Ден / месец / год. | _______________<br>Потпис на Министерот | | /2011<br>Ден/ месец / год. |

Изработил: Драгана Гошевска / Ленче Божиноска
Контролирал: Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева